Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-166/1

Скопје 04.02.2020

До

**Предмет: Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, доставува.-**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме следниве податоци:

Мерките, дејствијата и редоследот на преземање на истите при вршење увид на место на сообраќајна незгода од страна на полициските службеници (фиксирање и подигање траги од лице место, собирање информации од граѓани, вештачење на траги и слично), е засебен за секој увид и е во зависност од времето и местото на случување, последиците и други околности што се во врска со сообраќајната незгода.

Во записникот за извршен увид на место на сообраќајна незгода се внесуваат податоци за учесниците во истата и возилата, времето и местото на случување, околностите во сообраќајот, последици од сообраќајната незгода (материјална штета, повреди или смрт) и други факти и докази кои што се од значење за понатамошната постапка.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

Должноста на полициските службеници на Министерството за внатрешни работи да излезат на местото на сообраќајната незгода, да извршат увид и да состават записник за увидот е уредена во глава V од „Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата“(Сл.в. на РМ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и Сл.в. на РСМ бр. 98/19). Во глава V „Должности во случај на сообраќајна незгода“ е пропишан начинот на постапување на полициските службеници во случај на сообраќајна незгода во која има загинати или повредени лица или настанала голема материјална штета - во членовите 218 и 220.

Начинот на вршење на полициските работи, односно начинот на постапување на полициските службеници при вршење увид на место на сообраќајна незгода е уреден во „Правилник за начин на вршење на полициски работи“(Сл.в. на РМ бр.149/07, 110/11, 117/14, 14/17, 49/17 и 203/18 и Сл.в. на Р.С.М. бр. 275/19) и тоа во глава V , точка 2(Вршење на увид на обезбедено место на настан) во член 112-а е уредено постапувањето на полициските службеници при вршење на увид на лице место на сообраќајна незгода и обврската за составување записник за извршениот увид, при што записникот е даден на Образец број 30-а, кој е составен дел на наведениот правилник, потоа во точка 3(Вршење на увид на обезбедено место при настанати тешки сообраќајни, железнички и авионски незгоди или природни непогоди и други несреќи), како и во точка 4(Вештачење) и во глава VII точка 4(Постапување во случај на сообраќајна незгода).

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015